Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 март 2022 година

Скопје, март 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 март 2022 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата: Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Владимир Рендевски, заменик на министерот за здравство, д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука и м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура, како и Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, м-р Борис Тунџев, директор на Агенцијата за катастар на недвижности, Шеваљ Цеку, директор на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, Ѓоко Трајчевски, директор на ГТЦ А.Д. – Скопје, Орхан Муртезани, директор на Оператор на електропреносниот систем на Северна Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (МЕПСО) и м-р Васко Ковачевски, директор на Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на записниците од 19-та, 21-та, 24-та, 25-та, 27-та, 30-та и 31-та седница на Владата, одржани на 2, 8, 9, 10, 12, 17 и 18 март 2022 година

Пред преминување на дневен ред

- Статус на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија

1. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижни ствари на Општина Штип

2. Предлог-одлука за изземање од стопанисување на недвижни ствари од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Штип

3. Информација за финансиската состојба на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со барање на финансиски средства за 2022 година, со Предлог-одлуки

4. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Агенција за остварување на правата на заедниците)

5. Предлог-одлука за продажба на движна ствар (ПМВ БМВ), Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад и Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за внатрешни работи

6. Програма за работа и Финансиски план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука

7. Годишна пресметка за 2021 година, со Извештај за спроведување на Годишниот план за работа за 2021 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог-одлука

8. Информација во врска со Предлог-договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија и услуги Сити капитал агро ДОО Скопје како закупец на земјиште, со Предлог-одлуки

9. Информација за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука (Управа за хидрометеоролошки работи)

10. Информација за Предлог-стратегија за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири, со Предлог на стратегија со Акциски план 2022-2026 година

11. Предлог-одлука за денот и моментот на воведувањето и денот и моментот на завршувањето на летното сметање на времето во 2022 година

12. Предлог-одлука за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

13. Информација за доставено Барање број 11-1558/1 од 9.2.2022 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Експорт-импорт банка на Кина поради неможност за отплата на доспеаните обврски, со текст на Договор за регулирање на долг

14. Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31 декември 2021 година, со дополнување

15. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба-реконструкција на улица „Коста Кирков“ во населба Чашка, Општина Чашка, со Предлог-одлука

16. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Гиновци за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Гиновци, Општина Ранковце, со Предлог-одлука

17. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110kv далновод ТС Штип-ТС Овче поле, КО Врсаково, КО Сарчиево, КО Три Чешми-вгр и КО Штип 1, Општина Штип и КО Пеширево, КО Амзабегово-вгр, КО Ерџелија-вгр, КО Ерџелија, КО Мустафино–вгр и КО Мустафино, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука

18. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани – Требеништа, на стационажа од км.0+000,00 до км.12+898,72, за стабилизација на косини и санација на свлечиште, од км.2+510 до 3+280 КО Ботун, Општина Дебарца, со Предлог-одлука

19. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на резервоар за вода од 100м2 со цевковод во н.м. Пресил КО Пресил Милошево, Општина Крушево, со Предлог-одлука

20. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување-мотел со компатибилни класи на намени на државен (магистрален) пат А2, КО Вруток, Општина Гостивар, со Предлог-одлука

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А1-домување во станбени куќи КО Ваташа, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Пресека - Песочани, км 0+000 - км 11+498,62, за стабилизација на косина на км 11+200 - км 11+498.62, КО Ново Село, КО Песочани, Општина Дебрца, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8 - Деве Баир – Ќафасан, за патна делница Песочани-Требеништа, км 0+000,00 – км 12+698,72, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 0+910 до км 1+048, КО Ново Село, Општина Дебрца, со Предлог-одлука

24. Информација за престанување на важењето на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на „Спортско рекреативен комплекс“ КО Богданци вон г.р., Општина Богданци, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Спасенка Делкова, ул.Киро Крстев бр.123, Неготино, со Предлог-одлука

26. Информација за престанок на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловниот реон Куманово, со Предлог-одлука

27. Предлог–одлука за давање согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, трговија и услуги Писеник Цветан ДОО увоз-извоз Пробиштип

28. Предлог-одлука за еднострен раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина–керамичка глина на локалитетот ,,Жиганци и Пишица“, Општина Чешиново-Облешево, Општина Карбинци и Општина Пробиштип

29. Предлог-закон за изменување на Законот за административни службеници, по скратена постапка

30. Информација за евалуација и сертификација на воведените ISO 9001:2015, 27001:2013, 14641:2018 стандарди во Министерство за информатичко општество и администрација

31. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/1251 на Советот од 29 јули 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија

32. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2021/1002 на Советот од 21 јуни 2021 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија

33. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/1305 на Советот од 5 август 2021 година за изменување на Одлуката 2010/638/ЗНБП за рестриктивни мерки против Република Гвинеја

34. Предлог-одлука за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/1252 на Советот од 29 јули 2021 година за изменување на Одлуката 2010/413/ЗНБП за рестриктивни мерки против Иран

35. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Кузмановска и други против Северна Македонија А.бр. 25967/18, со дополнување

36. Информација за потреба од преземање на мерки и активности поврзани со Каталогот на услуги и Националниот портал за електронски услуги

37. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом „д-р Панче Караѓозов“- Штип (санитетско возило)

38. Предлог-закон за изменување на Законот за акцизите, по скратена постапка

39. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка

40. Понуда од нотар Искра Кировска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.20727, за КО Штип - 6, на КП бр.10834, Викано место/улица Плуждино

41. Понуда од нотар Роза Алексова од Кавадарци, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2418, за КО Ваташа, на КП бр.4529/2, Викано место/улица Д.Чекоров

42. Понуда од нотар Никола Кузманоски од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.395, за КО ОХРИД-3, на КП бр.15943/4 и КП бр.15946/1 на викано место/улица Г.Прличев, со дополнување

43. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1641, за КО Волково, на КП бр. 1718, викано место/улица Ул.103, со дополнување

44. Понуда од нотар Маринчо Велјановски од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.70397, Имотен лист бр.70518, Имотен лист бр.71003 и Имотен лист бр.18019 за КО Битола 5, на КП бр.17516/1, Викано место/улица „Боримечка“

45. Известување од извршител Зоран Петрески од Скопје, за Заклучок за усна јавна продажба, врз основа на член 179 став (1), член 181 став (1) и член 182 став (1) од Законот за извршување, доставен под И.бр.873/20, од 3 јануари 2022 година и Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање, врз основа на член 186 став (4) од Законот за извршување, од 20 јануари 2022 година, за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2079, КП бр.853/1, КО Злокуќани

46. Кадровски прашања

47. Прашања и предлози

48. Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола (Сметка за основен буџет 603), Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола (Сметка на Буџет од самофинансирачки активности 788-14) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола (Сметка за функционирање и развој на Универзитетот 788-52)

49. Информација за полугодишен извештај за реализација на годишните планови кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по институција, со прилози

50. Годишен извештај за работата на Советот за стручно образование и обука за 2021 година (Совет за стручно образование и обука-Скопје)

51. Годишен извештај за работата на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија за 2021 година

52. Извештај за извршувањето на потставките 412110–Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110–Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за периодот 1 јануари-31 декември 2021 година

53. Информација во врска со полугодишниот финансиски и оперативен извештај за периодот јули-декември 2021 година за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и „Св. Апостол Павле“ – Охрид на ТАВ Македонија

54. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатије за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје, за периодот октомври-декември 2021 година

55. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје за четврт квартал 2021 година

56. Финансиски извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје, за периодот октомври-декември 2021 година

57. Тримесечен финансиски извештај на АД ТЕЦ Неготино, за периодот октомври-декември 2021 година

58. Извештај за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди (согласно Одлуката на Владата бр. 40-12854/1 од 21 декември 2021 година)

59. Извештај за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлуката на Владата бр.12854/1 од 21 декември 2021 година и Одлуката на Владата бр.13585/1 од 28 декември 2021 година

60. Предлог-уредба за дополнување на Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности

61. Информација за 177-та седница на Одборот на директори на претпријатието Нафтовод Солун–Скопје Вардакс АД закажана за 22 март 2022 година, со прилози

62. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката 2014/119/ЗНБП на Советот од 5 март 2014 година за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 208/2014 на Советот од 5 март 2014 година за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Украина

63. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Swift Response - 22“ („Брз одговор-22“), со Предлог-одлука

64. Информација за текот на активностите во врска со Изработка на проектна документација за изградба на обиколницата на Тетово преку клучка Требош до Непроштено

65. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Делчево

66. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗБНП) 2022/266 на Советот од 23 февруари 2022 година за рестриктивни мерки како одговор на признавањето на областите Донецк и Луганск во Украина кои не се под контрола на владата и наредбата за распоредување на руските вооружени сили во тие области и Регулативата (ЕУ) 2022/263 на Советот од 23 февруари 2022 година за рестриктивни мерки како одговор на признавањето на областите Донецк и Луганск во Украина кои не се под контрола на владата и наредбата за распоредување на руските вооружени сили во тие области

67. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, наменети за Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД–Скопје

68. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/376 на Советот од 3 март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/119/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во поглед на состојбата во Украина

69. Меморандум за разбирање меѓу Агенцијата за млади и спорт и Министерство за млади и спорт на Република Бугарија за соработка во областа на младите и спортот

70. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Државното правобранителство на Република Северна Македонија 03-178/1

71. Информација за потребата од обезбедување на средства од заем од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) за изградба на Автопат А4, делница граничен премин Блаце-Скопје (клучка Стенковец), Втора подделница

72. Информација за примена на законска одредба од Законот за спречување на корупција и судир на интереси

73. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката 2014/386/ЗНБП на Советот од 23 јуни 2014 година за рестриктивни мерки како одговор на нелегалната анексија на Крим и Севастопол и Регулативата (ЕУ) 692/2014 на Советот од 23 јуни 2014 година за рестриктивни мерки како одговор на нелегалната анексија на Крим и Севастопол

74. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „VIKING 22“ („Викинг 22“) во Кралство Шведска, со Предлог-одлука

75. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „INIOCHOS 22“ („ИНИОЦХОС 22“) во Република Грција, со Предлог-одлука

76. Извештај за трошење на средства согласно Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-824/1 од 30.1.2022 година, Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-978/2 од 8.2.2022 година и Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-1388/1 од 15.2.2022 година

77. Информација во врска со доставена понуда од Европска банка за обнова и развој за финансиска поддршка за тековното работење на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, доставена на 18 март 2022 година, со Предлог-одлука

78. Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година

79. Информација за исплата на пензии за март 2022 година

80. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, бр.41-1746/1 од 15 март 2022 година

81. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

*

*        *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 19-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 март 2022 година, Записникот од 21-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 март 2022 година, Записникот од 24-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 март 2022 година, Записникот од 25-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 март 2022 година, Записникот од 27-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 март 2022 година, Записникот од 30-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 март 2022 година и Записникот од 31-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 март 2022 година.

*

*        *

Пред преминување на дневен ред
- Статус на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија

Министерот за финансии, ги информираше членовите на Владата за степенот на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија.

Притоа, укажа на потребата од итна реализација на капиталните расходи заклучно со 31 март 2022 година, со оглед на тоа што согласно механизмот КАПЕФ (за 15% резервирање) сите буџетски корисници и единки корисници кои до 31 март 2022 година не реализирале 15% од износот на капиталните расходи, нереализираните средства до пропишаниот лимит ќе бидат резервирани на друга расходна ставка за други буџетски потреби.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Општина Штип, откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Секретаријатот за законодавство, Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи и Агенцијата за катастар на недвижности.

Истовремено, предлагачот да го има предвид негативното мислење од Министерството за транспорт и врски.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за изземање од стопанисување на недвижни ствари од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Предлог-одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Штип за наредната седница на Владата откако претходно истите ќе се разгледаат на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни усогласувања со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 3</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за финансиската состојба на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со барање на финансиски средства за 2022 година, со Предлог-одлуки и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

5. Ја даде Изјавата за преземање на нов влог, во предложениот текст.

6. Ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

7. Даде Изјава за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје (пречистен текст).

**Точка 4**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад и ја донесе Одлуката за давање на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со следниот заклучок:

-Во членот 1, зборовите ,,бр.03-127/4 од 2.10.2020 година“ да се заменат со зборовите ,,03-43/4 од 24.2.2022 година“.

**Точка 5**

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за продажба на движна ствар (ПМВ БМВ), Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад и Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за внатрешни работи и ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за продажба на движна ствар (ПМВ БМВ),

- Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад и

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за внатрешни работи, во предложените текстови.

**Точка 6**

Владата го разгледа новиот текст на Програмата за работа и Финансиски план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата по Годишната пресметка за 2021 година, со Извештај за спроведување на Годишниот план за работа за 2021 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за потврдување на Годишна пресметка за 2021 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Предлог-договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија и услуги Сити капитал агро ДОО Скопје како закупец на земјиште, со Предлог-одлуки, не ја усвои Информацијата и не ги донесе Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко-индустриската развојна зона Штип и за висината на закупнината и Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги Сити капитал агро ДОО Скопје, како закупец на земјиште.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за Предлог-стратегија за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири, со Предлог на стратегија со Акциски план 2022-2026 година, поради потребата Министерството за економија да достави мислење по материјалот и потоа истата да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 11**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за денот и моментот на воведувањето и денот и моментот на завршувањето на летното сметање на времето во 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање број 11-1558/1 од 9.2.2022 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Експорт-импорт банка на Кина поради неможност за отплата на доспеаните обврски, со текст на Договор за регулирање на долг, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да склучи договор за регулирање на доспеаниот долг на Јавното претпријатие за државни патишта кон Министерството за финансии по активираната државна гаранција односно по платената рата на 21.1.2022 година по Договорот за обезбедување на државна гаранција број 14-10754/2 од 24.6.2014 година, за исполнување на обврските по Договорот за заем за „Проектот за изградба на автопат - делница Кичево – Охрид“ склучен помеѓу Експорт-импорт банка на Кина и Јавното претпријатие за државни патишта, со рок на враќање

од 10 години (120 месечни рати), без пресметка на редовна камата, со грејс период од една година, со што отплатата кон Министерството за финансии да почне од 1.2.2023 година, на износ и под услови како што е утврдено во оваа информација, со состојба на долг на денот на склучување на договорот.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31 декември 2021 година, со дополнувањето и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда - Управа за извршување на санкции, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, а се укажува на Градот Скопје, Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие Водовод и канализација - Скопје, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС Злетовица - Пробиштип, Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост - Скопје, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси – НЕР АД Скопје во државна сопственост и Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, да подготват акциски план по дадениот образец со статус заклучно со 31.3.2022 година за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори и истиот да биде доставен до Министерството за финансии најдоцна до 14.4.2022 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии до 21.4.2022 година врз основа на добиените акциски планови од институциите наведени во заклучокот број 1 да подготви соодветен материјал и истиот да го достави до Владата.

3. Се задолжува Министерството за финансии за институциите кои претходните години не постапиле, согласно наводите во материјалот, односно имале неискористени кредити за кои има трошоци и провизии, да предложи мерки согласно кои раководните органи на тие институции треба да сносат одговорност и да ги покријат трошоците од буџетот на соодветната институција.

**Точка 15**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба-реконструкција на улица „Коста Кирков“ во населба Чашка, Општина Чашка, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Секретаријатот за законодавство.

Исто така, предлагачот да обезбеди мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Гиновци за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Гиновци, Општина Ранковце, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Гиновци за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Гиновци, Општина Ранковце доколку Министерството за животна средина и просторно планирање достави позитивно мислење по материјалот.

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110kv далновод ТС Штип-ТС Овче поле, КО Врсаково, КО Сарчиево, КО Три Чешми-вгр и КО Штип 1, Општина Штип и КО Пеширево, КО Амзабегово-вгр, КО Ерџелија-вгр, КО Ерџелија, КО Мустафино–вгр и КО Мустафино, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110kv далновод ТС Штип-ТС Овче поле, КО Врсаково, КО Сарчиево, КО Три Чешми-вгр и КО Штип 1, Општина Штип и КО Пеширево, КО Амзабегово-вгр, КО Ерџелија-вгр, КО Ерџелија, КО Мустафино–вгр и КО Мустафино, Општина Свети Николе, доколку Министерството за животна средина и просторно планирање достави позитивно мислење по истата.

*

*   *

Материјалот повторно е разгледан на 37-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12.4.2022 година.

## Точка 18

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани – Требеништа, на стационажа од км.0+000,00 до км.12+898,72, за стабилизација на косини и санација на свлечиште, од км.2+510 до 3+280 КО Ботун, Општина Дебарца, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да обезбеди позитивно мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на резервоар за вода од 100м2 со цевковод во н.м. Пресил КО Пресил Милошево, Општина Крушево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на резервоар за вода од 100м2 со цевковод во н.м. Пресил КО Пресил Милошево, Општина Крушево, доколку Министерството за животна средина и просторно планирање достави позитивно мислење по истата.

## Точка 20

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување-мотел со компатибилни класи на намени на државен (магистрален) пат А2, КО Вруток, Општина Гостивар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување-мотел со компатибилни класи на намени на државен (магистрален) пат А2, КО Вруток, Општина Гостивар, доколку Министерството за животна средина и просторно планирање достави позитивно мислење по истата.

## Точка 21

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А1-домување во станбени куќи КО Ваташа, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А1-домување во станбени куќи КО Ваташа, Општина Кавадарци, доколку Министерството за животна средина и просторно планирање достави позитивно мислење по истата.

## Точка 22

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Пресека - Песочани, км 0+000 - км 11+498,62, за стабилизација на косина на км 11+200 - км 11+498.62, КО Ново Село, КО Песочани, Општина Дебрца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Пресека - Песочани, км 0+000 - км 11+498,62, за стабилизација на косина на км 11+200 - км 11+498.62, КО Ново Село, КО Песочани, Општина Дебрца, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8 - Деве Баир – Ќафасан, за патна делница Песочани-Требеништа, км 0+000,00 – км 12+698,72, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 0+910 до км 1+048, КО Ново Село, Општина Дебрца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8 – Деве Баир – Ќафасан, за патна делница Песочани-Требеништа, км 0+000,00 – км 12+698,72, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 0+910 до км 1+048, КО Ново Село, Општина Дебрца, доколку Министерството за животна средина и просторно планирање достави позитивно мислење по истата.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на „Спортско рекреативен комплекс“ КО Богданци вон г.р., Општина Богданци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на „Спортско рекреативен комплекс“ КО Богданци вон г.р., Општина Богданци, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Спасенка Делкова, ул.Киро Крстев бр.123, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за престанок на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловниот реон Куманово, со Предлог-одлука.

**Точка 27**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, трговија и услуги Писеник Цветан ДОО увоз-извоз Пробиштип, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за еднostран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-керамичка глина на локалитетот „Жиганци и Пишица", Општина Чешиново-Облешево, Општина Карбинци и Општина Пробиштип, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за административни службеници, по скратена постапка и условно го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да го усогласи текстот на Предлогот на закон согласно Мислењето на Министерството за финансии.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за административни службеници, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Елвин Хасан, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Гордана Гапиќ-Димитровска, државен советник во Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за евалуација и сертификација на воведените ISO 9001:2015, 27001:2013, 14641:2018 стандарди во Министерството за информатичко општество и администрација, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2022 година, 2023 година и 2024 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за набавка за евалуација и сертификација на воведените ISO 9001:2015, 27001; 2013, 14641;2018 стандарди во Министерство за информатичко општество и администрација, со динамика на плаќање и тоа:

- 200.000,00 денари во 2022 година
- 300.000,00 денари во 2023 година
- 100.000,00 денари во 2024 година

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, во Раздел 17001 Министерство за информатичко општество и администрација, Програма Н, Потпрограма НА, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

Предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 31

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/1251 на Советот од 29 јули 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2021/1002 на Советот од 21 јуни 2021 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија, во предложениот текст.

## Точка 33

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/1305 на Советот од 5 август 2021 година за изменување на Одлуката 2010/638/ЗНБП за рестриктивни мерки против Република Гвинеја, во предложениот текст.

## Точка 34

Владата ја донесе Одлуката за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/1252 на Советот од 29 јули 2021 година за изменување на Одлуката 2010/413/ЗНБП за рестриктивни мерки против Иран, во предложениот текст.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Кузмановска и други против Северна Македонија А.бр. 25967/18, со дополнување и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права, да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Кузмановска и други против Северна Македонија, А.бр. 25967/18.

2. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија, во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантите од предметот Кузмановска и други против Северна Македонија А.бр.25967/18, ќе им исплати вкупен износ од 67.150 евра во денарска противвредност или по 3.900 евра на секој од апликантите и вкупен износ од 850 евра на апликантите наведени во Табелата, составен дел на Информацијата.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија, во случај апликантите во предметот Кузмановска и други против Северна Македонија А.бр.25967/18, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на Предметот.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од преземање на мерки и активности поврзани со Каталогот на услуги и Националниот портал за електронски услуги, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државната управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа, преку своите верификатори, најдоцна до 25 април 2022 година, на разбирлив и јасен начин, да ги ажурираат податоците за внесените услуги во Каталогот на услуги на Националниот портал за електронски услуги кои ги обезбедуваат согласно закон.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државната управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа, најдоцна до 25 април 2022 година да ги внесат и верификуваат сите услуги во Каталогот на услуги на Националниот портал за електронски услуги, за кои органот е надлежен согласно закон.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државната управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа за сите ажурирани и внесени услуги во Каталогот на услуги на Националниот портал за електронски услуги, за кои органите се надлежни согласно закон, до 28 април 2022 година да го известат Министерството за информатичко општество и администрација.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација до 30 април 2022 година до Владата да достави известување за сите ажурирани и внесени услуги во Каталогот на услуги на Националниот портал за електронски услуги од страна на органите на државната управа.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом „д-р Панче Караѓозов"-Штип (санитетско возило), во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за акцизите, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и по истиот утврди мислење од Министерството за финансии.

**Точка 39**

Владата го симна од Дневен ред Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Искра Кировска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.20727, за КО Штип - 6, на КП бр.10834, викано место/улица Плуждино и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Роза Алексова од Кавадарци, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2418, за КО Ваташа, на КП бр.4529/2, Викано место/улица Д.Чекоров и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Кузманоски од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.395, за КО ОХРИД-3, на КП бр.15943/4 и КП бр.15946/1 на викано место/улица Г.Прличев, со дополнување и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1641, за КО Волково, на КП бр. 1718, викано место/улица Ул.103, со дополнување и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 44

Владата по Понудата од нотар Маринчо Велјановски од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.70397, Имотен лист бр.70518, Имотен лист бр.71003 и Имотен лист бр.18019 за КО Битола 5, на КП бр.17516/1, Викано место/улица „Боримечка“, го усвои негативното Мислење од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 45

Владата го разгледа Известувањето од извршител Зоран Петрески од Скопје, за Заклучок за усна јавна продажба, врз основа на член 179 став (1), член 181 став (1) и член 182 став (1) од Законот за извршување, доставен под И.бр.873/20, од 3 јануари 2022 година и Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање, врз основа на член 186 став (4) од Законот за извршување, од 20 јануари 2022 година, за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2079, КП бр.853/1, КО Злокуќани и по Известувањето го усвои негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 46

1. Владата го разреши Ментор Зеќири од должноста директор на Државната фитосанитарна управа, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, поради истек на мандатот.

2. Владата го именува Ментор Зеќири, досегашен директор на Државната фитосанитарна управа, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за вршител на должноста директор на Државната фитосанитарна управа, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата ја разреши Анкица Кијајова од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Пробиштип – претставник од Советот на Општината, на нејзино барање.

3.1 Владата ја именува Драгана Јовчевска за член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Пробиштип – претставник од Советот на Општината.

4. Владата ја разреши проф. д-р. Татјана Стојаноска-Иванова од должноста член на Советот за образование на возрасните, претставник од редот на експертите за образование на возрасните, на нејзино барање.

5. Владата ја разреши Марија Ивановска од должноста член на Управниот одбор – преставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа-Кратово, на нејзино барање.

6. Владата согласно член 18 од Законот за енергетика заклучи Предлогот бр.14-13014/1 од 24 декември 2021 година до Собранието на Република Северна Македонија, даден на 129 – та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 декември 2021 година за именување на Мерита Дема за член на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, да го повлече.

7. Владата заклучи да му препорача на претставникот на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во АД „11 Октомври – Еурокомпозит“-Прилеп, Александар Талимџиоски, за прв извршен член – генерален директор на Одборот на директори на АД „11 Октомври – Еурокомпозит“-Прилеп, да ја избере Снежана Филипоска-Бачанов.

8. Владата го одложи од разгледување Предлогот за избор на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД – Скопје, во државна сопственост.

9. Владата заклучи Снежана Филипоска-Бачанов, генерален директор на Одборот на директори на АД „11 Октомври – Еурокомпозит“-Прилеп да подготви и во рок од три месеци до Владата да достави студија/план за реструктуирање или изнаоѓање на стратешки инвеститор за конечно надминување на проблемите и решавање на статусот на Друштвото.

## Точка 47

1. Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр. 40-4619/1 од 27 април 2021 година.

2. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 10 март 2022 година до 16 март 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Владата ја разгледа Дополнителната информација за потребата од обезбедување на парични средства за надоместување на трошоците кои се причинети од Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, како последица на отстапувањата кои Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје ги има направено за октомври и ноември 2021 година, со Извештај за паричните текови на Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје за 2022 година (Cash Flow), доставена од Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, под архивски бр.02-236/4 од 21.3.2022 година, како материјал за информирање и го задолжи Министерството за финансии во наредните седум дена да оствари состанок со претставници на Европската банка за обнова и развој во врска со обезбедување финансиски средства и потоа за исходот од состанокот и можните начини на финансирање да ги информира Министерството за транспорт и врски и Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје.

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија, за период од 8 март 2022 година до 14 март 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

1. Владата заклучи:

Евентуалните правни последици кои би можеле да произлезат поради непочитување на преклузивниот рок за доставување на мислења по понудите од нотарите и известувањата доставени од извршителите за продажба на недвижен имот, ќе ги сносат раководните органи на управување на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

2. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 12 март 2022 година до 18 март 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

1. Владата го симна од Дневен ред Барањето за склучување на договор за продажба на деловен простор и Понуда за купопродажба на деловен простор во Градски трговски центар.

2. Владата го задолжи Министерството за транспорт и врски, во соработка со Министерството за финансии и Јавното претпријатие за државни патишта да подготви и за наредната седница на Владата да достави информација со анализа и предлог-модел за намалување на надоместоците за употреба на патиштата (патарините) во Република Северна Македонија до крајот на 2022 година, како антикризна мерка.

3. По повод укажувањето на м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, за потребата за поврат на финансиски средства од Општина Дојран кон Министерството за локална самоуправа, за спроведување на проект финансиран од ИПА Прекугранична соработка, Владата го задолжи Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да одржи состанок со градоначалникот на Општина Дојран и потоа врз основа на исходот од состанокот, а во соработка со Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии за наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика да подготви информација со предлог-решение за поврат на финансиските средства кои Министерството за локална самоуправа ги доделило како позајмица на Општина Дојран, а со цел за спроведување на проект финансиран од ИПА Прекугранична соработка.

4. По повод укажувањето на м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, за потребата од изнаоѓање на решение за финансирање на заостанатите обврски за реализацијата на проектните активности на НУ Музеј на албанската азбука кои произлегуваат од ИПА Прекуграничната програма, Владата го задолжи Министерството за локална самоуправа во соработка со Министерството за култура, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство на наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика да подготви информација со предлог-решение за изнаоѓање начини за финансирање на заостанатите обврски за реализацијата на проектните активности на НУ Музеј на албанската азбука кои произлегуваат од ИПА Прекуграничната програма.

1. По повод укажувањето на д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со финансиската состојба на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост- Скопје и Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, Владата ги задолжи истите за наредната (тематска) седница на Владата да доставaт информации како и студии за реструктуирање кои е потребно да се презентираат со power point презентација.

Исто така, потребно е до Владата за разгледување да ги доставaт и менаџерските договори или други договори за уредување на односите помеѓу раководните лица и самата институција.

2. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 14 март 2022 година до 20 март 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

3. По повод укажувањето на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Владата заклучи: - министрите (таму каде што е побарано) да отпочнат социјален дијалог во рамки на своите министерства/институции со претставниците на синдикатите и да одржуваат редовен контакт со истите.

**Точка 48**

Владата го разгледа Акцискиот план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола (Сметка за основен буџет 603), Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола (Сметка на Буџет од самофинансирачки активности 788-14) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола (Сметка за функционирање и развој на Универзитетот 788-52), како материјал за информирање.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за полугодишен извештај за реализиција на годишните планови кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по институција, со прилози, како материјал за информирање.

## Точка 50

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Советот за стручно образование и обука за 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 51

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија за 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 52

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на потставките 412110–Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110–Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за периодот 1 јануари-31 декември 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен извештај за периодот јули-декември 2021 година за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и „Св. Апостол Павле“ – Охрид на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

## Точка 54

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатије за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје, за периодот октомври-декември 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 55

Владата го разгледа Тримесечениот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје за четврт квартал 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 56

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје, за периодот октомври-декември 2021 година, како материјал за информирање

## Точка 57

Владата го разгледа Тримесеченот финансиски извештај на АД ТЕЦ Неготино за периодот октомври-декември 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии за потребата од перманентна контрола на ликвидноста од страна на надлежните органи на Друштвото.

## Точка 58

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди (согласно Одлуката на Владата бр. 40-12854/1 од 21 декември 2021 година), како материјал за информирање.

## Точка 59

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлуката на Владата бр.12854/1 од 21 декември 2021 година и Одлуката на Владата бр.13585/1 од 28 декември 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии, нераспределените средства доделени на Општина Кочани, да се уплатат во Буџетот на Република Северна Македонија, согласно точка 4 од Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

## Точка 60

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за дополнување на Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности, во предложениот текст.

## Точка 61

Владата ја разгледа Информацијата за 177-та седница на Одборот на директори на Претпријатието Нафтовод Солун – Скопје – Вардакс АД, закажана за 22 март 2022 година, со прилози и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Бобе Цецев, претставник на Република Северна Македонија во Одборот на директори на Друштвото Вардакс, по однос на точката под реден број 2, да биде ПРОТИВ Одлуката на Одборот на директори за доделување на компанијата Метрон на работата околу набавката и инсталирање на новиот систем за мерење на терминалната станица на Вардакс (VBO/OIC) во Окта.

2. Се задолжува Бобе Цецев, претставник на Република Северна Македонија во Одборот на директори на Друштвото ВАРДАКС, по однос на точката под реден број 3, да биде ЗА информирање за тендерот за работата „Спремање на студија за заштита и санација на дефекти во три позиции за контрола на Цевководот“.

## Точка 62

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката 2014/119/ЗНБП на Советот од 5 март 2014 година за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 208/2014 на Советот од 5 март 2014 година за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Украина, во предложениот текст.

## Точка 63

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Swift Response - 22“ („Брз одговор-22“), со Предлог-одлука и го усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Swift Response - 22“ („Брз одговор-22“), во предложениот текст.

2. Се одредува Армискиот полигон Криволак за национална одредишна точка за царина, за времетраењето на вежбата „Swift Response - 22“ („Брз одговор-22“).

3. Се задолжува Министерството за одбрана, во координација со Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерство за финансии – Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а им се укажува на Агенцијата за цивилно воздухопловство, Јавното претпријатие за државни патишта и АД М-НАВ, да преземат мерки за непречено преминување на државната граница на повеќе од 850 воени и цивилни моторни возила, осум авиони, 24 хеликоптери, пет беспилотни летала, вооружување, муниција, опрема и материјално-технички средства на вооружените сили на странските држави, на територијата на Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Министерството за одбрана, во координација со Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерство за финансии – Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а им се укажува на Агенцијата за цивилно воздухопловство, Јавното претпријатие за државни патишта и АД М-НАВ, да преземат мерки за ослободување од процедури за движење и транспорт на повеќе од 850 воени и цивилни моторни возила, осум авиони, 24 хеликоптери, пет беспилотни летала, вооружување, муниција, опрема и материјално-технички средства на вооружените сили на странските држави, на територијата на Република Северна Македонија.

5. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерство за финансии – Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а им се укажува на Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Јавното претпријатие за државни патишта и АД М-НАВ, да одредат по едно лице, за координација со лицето задолжено од Армијата на Република Северна Македонија, во врска активностите за подготовките за изведување на вежбата и за истото да го известат Министерството за одбрана, во рок од три дена.

## Точка 64

Владата ја разгледа Информацијата за текот на активностите во врска со Изработка на проектна документација за изградба на обиколницата на Тетово преку клучка Требош до Непроштено и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, да го разгледа склучениот Јавно приватен договор, помеѓу Владата на Република Македонија и Нормак инвестмент гроуп АД Тетово кој е концесионер на ТИРЗ-Тетово и да пристапи кон измена и усогласување на истиот, согласно барањето на Јавното претпријатие за државни патишта за потребите за изработка на проектната документација за изградба на обиколница на Тетово преку клучка Требош до Непроштено.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да предложи согласно важечката легислатива, на кој начин и тип на план ќе се водат постапките за усогласување на идниот опфат на клучка Требош и сегашниот опфат на ТИРЗ-Тетово кој треба да претрпи измена.

3. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта да обезбеди финансиски средства за изработка на плановите кој ќе следат согласно препораките кои ќе произлезат од точка 2.

Истовремено, Владата заклучи мислење по материјалот да достави Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Нормак инвестмент гроуп АД Тетово.

*

*　　*

Информацијата повторно е разгледана на 37-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12.4.2022 година.

## Точка 65

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Делчево, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да престане да важи Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Делчево, бр.41-1232/1 од 8 март 2022 година, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.61/22 од 15.3.2022 година, за што е потребно да се подготви соодветен акт, кој да се смета за донесен на оваа седница на Владата.

## Точка 66

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗБНП) 2022/266 на Советот од 23 февруари 2022 година за рестриктивни мерки како одговор на признавањето на областите Донецк и Луганск во Украина кои не се под контрола на владата и наредбата за распоредување на руските вооружени сили во тие области и Регулативата (ЕУ) 2022/263 на Советот од 23 февруари 2022 година за рестриктивни мерки како одговор на признавањето на областите Донецк и Луганск во Украина кои не се под контрола на владата и наредбата за распоредување на руските вооружени сили во тие области, во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, наменети за Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД–Скопје, во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Предлог–одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/376 на Советот од 3 март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/119/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во поглед на состојбата во Украина и ја донесе Одлуката, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 69**

Владата го разгледа Меморандумот за разбирање меѓу Агенцијата за млади и спорт и Министерство за млади и спорт на Република Бугарија за соработка во областа на младите и спортот и притоа заклучи:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање меѓу Агенцијата за млади и спорт на Република Северна Македонија и Министерството за млади и спорт на Република Бугарија за соработка во областа на младите и спортот

2. Се овластува Наумче Мојсовски, директор на Агенцијата за млади и спорт да го потпише Меморандумот за разбирање меѓу Агенцијата за млади и спорт на Република Северна Македонија и Министерството за млади и спорт на Република Бугарија за соработка во областа на младите и спортот.

**Точка 70**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Државното правобранителство на Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на средства од заем од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) за изградба на Автопат А4, делница граничен премин Блаце-Скопје (клучка „Стенковец“), втора подделница и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во соработка со Министерството за финансии да ја известат Европската банка за обнова и развој за новата финансиска структура на проектот, каде заемот од Европската банка за обнова и развој, обезбеден со државна гаранција, ќе изнесува до 170 милиони евра, а останатите средства за финансирање се веќе обезбедени како инвестициски грант на ВБИФ во износ до 28 милиони евра.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во соработка со Министерството за финансии да ги продолжат активностите со Европската банка за обнова и развој за обезбедување на заемот наведен во заклучокот број 1.

3. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта веднаш да постапи согласно одредбите од Законот за јавен долг и да ја започне постапката за добивање на согласност за задолжување со државна гаранција, согласно новата финансиска структура на проектот, каде заемот на Јавното претпријатие за државни патишта, ќе изнесува до 170 милиони евра.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на законска одредба од Законот за спречување на корупција и судир на интереси и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од 15 дена, да изготви образец за биографски податоци кој институциите ќе го доставуваат при доставување на предлози за избор и именување на лица до Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од три дена, да номинира три лица од вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, кои податоците за лицата избрани и именувани од страна на Владата на Република Северна Македонија, со пополнување на образец ќе ги доставуваат до Државната комисија за спречување на корупција заради внесување во Регистарот за избрани и именувани лица, без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на верификацијата на мандатот, изборот и именувањето, односно назначувањето, како и по престанокот на функцијата, односно должноста на избраното, именуваното или назначеното лице, согласно законското решение.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од 90 дена, да достави податоци за сите избрани и именувани лица од страна на Владата на Република Северна Македонија, за период од 2017 година заклучно со 2022 година, до Државната комисија за спречување на корупција.

**Точка 73**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката 2014/386/ЗНБП на Советот од 23 јуни 2014 година за рестриктивни мерки како одговор на нелегалната анексија на Крим и Севастопол и Регулативата (ЕУ) 692/2014 на Советот од 23 јуни 2014 година за рестриктивни мерки како одговор на нелегалната анексија на Крим и Севастопол, во предложениот текст.

**Точка 74**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „VIKING 22“ („Викинг 22“) во Кралство Шведска, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „VIKING 22“ („Викинг 22“), во Кралство Шведска, во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „INIOCHOS 22“ („ИНИОЦХОС 22“) во Република Грција, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „INIOCHOS 22“ („ИНИОЦХОС 22“), во Република Грција, во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата го разгледа Извештајот за трошење на средства согласно Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-824/1 од 30.1.2022 година, Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-978/2 од 8.2.2022 година и Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41- 1388/1 од 15.2.2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со доставена понуда од Европска банка за обнова и развој за финансиска поддршка за тековното работење на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, доставена на 18 март 2022 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата, не ја донесе Одлуката и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост – Скопје, во соработка со Министерството за финансии, веднаш да достави известување до Европска банка за обнова и развој за прифаќање на заемот во износ до 100.000.000 евра, обезбеден со државна гаранција.

2. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост – Скопје, веднаш да достави барање за добивање на согласност за задолжување со државна гаранција до Министерството за финансии.

**Точка 78**

Владата го разгледа и го прифати најновиот текст на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за март 2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 28.3.2022 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со мартовските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 29.3.2022 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 29.3.2022 година (вторник);
- За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 30.3.2022 година (среда);
- За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 31.3.2022 година (четврток) и
- За пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 1.4.2022 година (петок).

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, бр.41-1746/1 од 15 март 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:30 часот.

**ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Тахир Хани**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**